**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-70/8**
**08.06.2026год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Детален Урбанистички план за Блок 7.2, општина Гевгелија, плански период 2019-2029 година, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

## Повторена јавна презентација и јавна анкета за Детален Урбанистички план за Блок 7.2, општина Гевгелија

Границите на планскиот опфат се:

- **на север** границата се движи по осовина на планирана сервисна улица "Новопланирана 1" и станбена улица "Новопланирана 14",
- **на исток** границата се движи по осовината на планираната станбена улица "Деко Ковачевиќ" и сервисна улица "Новопланирана 5",
- **на југ** границата се движи по осовината на планираната сервисна улица „Новопланирана 4" и низ постоечка река "Раул" низ катастарската парцела КП 2477/1;
- **на запад** границата се движи по осовината на планираната собирната улица „Западна 1";

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **14,99 ха**.

**Повторената јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден 17.06.2026 година (среда) со почеток во 10.00 часот.**

Детален Урбанистички план за Блок 7.2, општина Гевгелија ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена и тоа од 17.06.2026г. до 24.06.2026г., секој работен ден од 08 до 16 часот.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови кои може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку електронскиот систем е-урбанизам.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***